СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНАТА РЕВИЗИЈА

Се прогласува Законот за државната ревизија,
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 19 октомври 2026 година.

Бр. 08-6394/1
19 октомври 2026 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
Гордана Силјановска Давкова, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
Африм Гаши, с.р.

ЗАКОН ЗА ДРЖАВНАТА РЕВИЗИЈА

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат условите и начинот на вршење на државната ревизија, правната положба, надлежностите, организацијата, начинот на работа, финансирањето, статусот, правата и обврските на вработените на Државниот завод за ревизија, правата и обврските на субјектите на ревизија и други прашања поврзани со вршењето на државната ревизија во Република Северна Македонија.

Член 2

Државниот завод за ревизија е независен во своето работење.

Дефиниции

Член 3

(1) Одделни поими за потребите на овој закон го имаат следново значење:

1) „Државна ревизија“ е аналитичко и систематско испитување, проверка и оценување на финансиските активности, сметките и извештаите на субјектите предмет на ревизија со цел да се утврди точноста, веродостојноста и усогласеноста со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики на субјектите предмет на ревизија, како и оценка на успешноста во управувањето со јавните средства;

2) „Јавни приходи и други приливи“ се финансиски средства кои по разни основи се прибираат и наплатуваат за финансирање на јавни расходи;

3) „Јавни расходи и други одливи“ се сите плаќања, одливи и обврски направени за извршување на функцијата или дејноста на субјектот предмет на ревизија;

4) „Буџетски корисници” се сите правни лица кои се основани од државата или општините, социјалните фондови, општините, освен Народната банка на Република Северна Македонија, јавните претпријатија и трговските друштва, непрофитни институции, основани од државата или од општините;

5) „Јавни субјекти“ се буџетските корисници, јавните претпријатија и трговски друштва со доминантна или целосна сопственост на државата или на општините и Градот Скопје, непрофитни институции, контролирани и финансирани од државата или од општините и Народната банка на Република Северна Македонија;

6) „Јавни претпријатија и трговски друштва со доминантна или целосна сопственост на државата или на општините и Градот Скопје” се јавните претпријатија, како и трговските друштва со доминантна или целосна сопственост на државата или во сопственост на Градот Скопје или на една или повеќе општини;

7) „Принцип на економичност“ е минимизирање на трошоците за ресурсите кои се користат со правилна количина и квалитет и по најдобра цена;

8) „Принцип на ефикасност“ е однос меѓу ангажираните ресурси и испорачаните резултати во однос на количина, квалитет и навременост;

9) „Принцип на ефективноста“ е усогласеност/исполнување на поставените цели и постигнување на посакуваните резултати;

10) „Законско користење на средства“ е користење на средствата со кои располага субјектот предмет на ревизија во согласност со закон и интерните акти на субјектот на ревизија;

11) „Наменско користење на средства“ е користење на средствата во согласност со намената утврдена во буџетот, односно финансискиот план на субјектот предмет на ревизија;

12) „Финансиска ревизија” е проверка која има за цел преку обезбедување на доволни и соодветни ревизорски докази да му овозможи на ревизорот да изрази мислење дали финансиските информации на субјектот на ревизија се прикажани во согласност со регулаторната рамка и применливата рамка за финансиско известување и дали финансиските информации се ослободени од материјално погрешно прикажување како резултат на измама или грешка;

13) „Ревизија на усогласеност” е проверка дали одреден предмет на ревизија е во согласност со релевантните закони и подзаконските акти кои произлегуваат од истите, при што се оценува дали активностите, финансиските трансакции и информациите на субјектот на ревизија од сите материјални аспекти се во согласност со законите и подзаконските акти кои произлегуваат од истите (правила, буџетски одлуки, политики, воспоставени кодекси, договорени услови или општи принципи со кои се регулира доброто финансиско управување во јавниот сектор и однесувањето на административните службеници) кои се релевантни за работењето на субјектот на ревизија;

14) „Ревизија на успешноста” е објективна и доверлива проверка со која се оценува дали институциите и програмите функционираат во согласност со принципите на ефективност, ефикасност и економичност и дали има простор за подобрување, со цел да се одговори на клучните ревизорски прашања и да се дадат препораки за подобрување;

15) „Ревизија на информациските системи” е испитување на контролите поврзани со информациските системи засновани на информатичка технологија со цел да се идентификуваат случаите на отстапување од критериумите кои се идентификувани врз основа на видот на ревизијата;

16) „Препораки“ се предлози врз основа на извршената ревизија дадени за преземање мерки и активности за подобрување на управувањето и работењето на субјектот предмет на ревизија;

17) „Следење на степенот на спроведувањето на дадените препораки во ревизорските извештаи“ е постапка која се врши во рамки на ревизиите и проверките на спроведување на препораките, како и преку примените информации од субјектите на ревизија;

18) „ИНТОСАИ (INTOSAI - International Organization of Supreme Audit Institutions)“ е Меѓународна организација на врховни ревизорски институции;

19) „Меѓународни стандарди за ревизија во јавен сектор“ се стандарди, принципи и упатства за вршење на државната ревизија издадени од страна на ИНТОСАИ;

20) „Ревизорско мислење/ревизорски заклучок“ е мислење/заклучок што се дава од страна на овластениот државен ревизор во согласност со меѓународните стандарди за ревизија во јавниот сектор на ИНТОСАИ врз основа на извршената ревизија, утврдените состојби и заклучоци, поткрепено со ревизорски докази;

21) „Кодекс на етика на ИНТОСАИ“ е систем на вредности и принципи врз кои врховните ревизорски институции и вработените во врховните ревизорски институции треба да постапуваат етички и

22) „Јавни средства“ се сите наплатени, примени, стекнати, доделени и потрошени средства од јавните субјекти, вклучувајќи ги и буџетските приходи, побарувања, расходи и субвенции.

II. ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Член 4

(1) Работите на државната ревизија ги врши Државниот завод за ревизија.

(2) Државниот завод за ревизија е државен орган кој врши независна ревизија на јавните приходи и другите приливи и јавните расходи и другите одливи и оценка на усогласеноста и успешноста во управувањето со јавните средства.

Член 5

(1) Државниот завод за ревизија има својство на правно лице.

(2) Државниот завод за ревизија има печат согласно со Законот за печатот на Република Македонија и печатите на државните органи во Република Македонија, Законот за архивски материјал и архивска дејност и подзаконските акти кои произлегуваат од истите.

(3) Седиштето на Државниот завод за ревизија е во Скопје.

Член 6

Државната ревизија опфаќа:

1) испитување на документите, исправите и извештаите, сметководствените и финансиските постапки, електронските податоци и информациските системи и други евиденции од аспект на тоа дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската состојба и резултатот на финансиските активности е во согласност со прифатените сметководствени начела и сметководствени стандарди;

2) испитување и оцена на системот на внатрешна контрола во јавниот сектор;

3) испитување на финансиските трансакции кои претставуваат јавни приходи и јавни расходи во смисла на законско и наменско користење на средствата;

4) давање оцена за користење на средствата од аспект на принципите на економичност, ефикасност и ефективност и

5) давање оцена за преземените мерки од страна на субјектите предмет на ревизија преку следење на степенот на спроведувањето на дадените препораки во ревизорските извештаи.

Член 7

(1) Државниот завод за ревизија врши ревизија на Буџетот на Република Северна Македонија, корисниците на Буџетот на Република Северна Македонија, буџетите на општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје, корисниците на буџетите на општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје, јавните претпријатија и трговските друштва со доминантна или целосна сопственост на државата или на општините и Градот Скопје, правните лица основани со закон, правните лица финансирани со јавни средства, Народната банка на Република Северна Македонија во делот на трошоците за инвестиции и оперативни трошоци согласно со закон, политичките партии согласно со прописите за финансирање на политичките партии, учесниците во изборната кампања согласно со Изборниот законик, спортските федерации и организации кои се корисници на средства од Буџетот на Република Северна Македонија, како и корисниците на средствата од Европската Унија, од меѓународни фондови, меѓународни организации и на корисници на средства од други меѓународни финансиски институции, освен на системот за имплементација, раководење и контрола на инструментот за претпристапна помош во Република Северна Македонија.

(2) Државниот завод за ревизија врши ревизија и кај субјекти кои се поврзани со субјектите на ревизија од ставот (1) на овој член, кои имаат економски, финансиски или друг вид интерес и кои користат средства кои претставуваат јавни расходи.

Член 8

(1) Државниот завод за ревизија работи согласно со Годишна програма за работа.

(2) Државниот завод за ревизија самостојно и независно одлучува кои ревизии и субјекти на ревизија ќе ги вклучи во Годишната програма за работа.

(3) Обемот на Годишната програма за работа особено се утврдува врз основа на барањата утврдени во методолошките акти за државна ревизија на Државниот завод за ревизија.

(4) Државниот завод за ревизија согласно со прописите од областа на буџетите еднаш годишно врши ревизија на:

1) Завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија;

2) Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија;

3) Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и

4) Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

(5) На предлог на Собранието на Република Северна Македонија на годишно ниво Државниот завод за ревизија може да вклучи најмногу три ревизии во Годишната програма за работа.

(6) Државниот завод за ревизија ја доставува Годишната програма за работа до Собранието на Република Северна Македонија најдоцна до 31 декември во тековната година за наредната година, заради информирање.

Член 9

(1) Со Државниот завод за ревизија раководи главен државен ревизор.

(2) Мандатот на главниот државен ревизор е девет години, без право на повторен избор.

(3) Главниот државен ревизор го избира и разрешува Собранието на Република Северна Македонија.

(4) Главниот државен ревизор се избира врз основа на јавен оглас кој го објавува Собранието на Република Северна Македонија во „Службен весник на Република Северна Македонија" и во најмалку два дневни весника кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик и со спроведување на интервју на кандидатите на јавна седница на работното тело на Собранието на Република Северна Македонија надлежно за прашања на изборите и именувањата.

(5) Главниот државен ревизор шест месеци пред истекот на мандатот го известува Собранието на Република Северна Македонија за истекот на својот мандат.

(6) Јавниот оглас од ставот (4) на овој член се објавува не подоцна од 120 дена пред истекот на мандатот на постојниот главен државен ревизор.

(7) Собранието на Република Северна Македонија го избира главниот државен ревизор не подоцна од 30 дена пред истекот на мандатот на постојниот главен државен ревизор.

(8) Во случај кога постапката за избор не е завршена пред истекот на мандатот на постојниот главен државен ревизор, главниот државен ревизор продолжува да ја врши својата функција до завршувањето на постапката за избор на нов главен државен ревизор.

(9) Главниот државен ревизор пред стапувањето на функцијата дава заклетва пред Собранието на Република Северна Македонија.

(10) Примерок од заклетвата му се предава на избраниот главен државен ревизор.

Член 10

Главниот државен ревизор треба да ги исполнува следниве услови:

1) да е државјанин на Република Северна Македонија;

2) да има високо образование со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен најмалку VII/1 степен на образование, од областа на економските или правните науки;

3) да има најмалку 10 години работно искуство во областа на ревизијата, сметководството, финансиите или финансиското или административното право или седум години работно искуство во областа на ревизијата, сметководството, финансиите или финансиското или административното право со положен испит за овластен државен ревизор;

4) да поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик:

- ТОЕФЕЛ ИБТ - најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода,
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) или
- сертификат, уверение и/или потврда со кои се потврдува познавањето на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски или германски јазик) на најмалку ниво Б2 (B2) од Европската референтна рамка на јазици, издадени од установа или институција во државата или од странство, регистрирана како давател на оваа услуга;

5) да не му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

6) со правосилна судска пресуда не му е изречена споредна казна забрана за вршење професија, дејност или должност;

7) во последните пет години да не бил пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, член на Владата на Република Северна Македонија, да не бил донатор на политичка партија или да не вршел функција во орган на политичка партија и

8) да не врши друга јавна функција или професија, да не е член на орган на надзор, орган на управување, одбор за ревизија или во кој било друг орган кај субјект на ревизија.

Член 11

(1) Мандатот на главниот државен ревизор престанува:

1) со истекот на мандатот;

2) по сопствено писмено барање;

3) во случај да ја загуби деловната способност;

4) во случај на смрт;

5) во случај на исполнување на условите за пензија согласно закон и

6) во случај на разрешување согласно со овој закон.

(2) Доколку главниот државен ревизор е од редот на вработените од Државниот завод за ревизија, по престанување на мандатот се распоредува на работно место од категоријата раководни работни места за кое ги исполнува општите и посебните услови предвидени со актот за систематизација на работните места, но не пониско од нивото на кое бил пред да биде избран на функцијата главен државен ревизор.

(3) Главниот државен ревизор се разрешува кога:

1) ќе престане да ги исполнува условите од членот 10 од овој закон и

2) не е во можност да ги извршува своите должности подолго од шест месеци поради болест или други оправдани причини.

(4) Престанокот на мандатот на главниот државен ревизор во случај од ставот (1) точка 1) на овој член Собранието на Република Северна Македонија го констатира на првата наредна седница. Надлежностите на главен државен ревизор до изборот на нов главен државен ревизор во случаите од став (1) точки 2), 3), 4), 5) и 6) на овој член ги врши заменикот на главниот државен ревизор.

(5) Во случаите на предвремен престанок на мандатот на главниот државен ревизор од ставот (1) точки 2), 3), 4), 5) и 6) на овој член, Собранието на Република Северна Македонија објавува јавен оглас за избор на нов главен државен ревизор во рок од 10 дена од денот на престанокот на мандатот.

(6) Собранието на Република Северна Македонија ја завршува постапката за избор на нов главен државен ревизор во случаите на предвремен престанок на мандатот на главниот државен ревизор од ставот (1) точки 2), 3), 4), 5) и 6) на овој член во рок од 60 дена од денот на престанокот на мандатот на главниот државен ревизор.

Член 12

Главниот државен ревизор ги има следниве надлежности:

1. го претставува и застапува Државниот завод за ревизија, освен кога пред надлежните судови, заради правна заштита на имотните права и интереси на Република Северна Македонија го застапува Државниот правобранител на Република Северна Македонија;

2. го претставува Државниот завод за ревизија пред меѓународните организации на врховните ревизорски институции;

3. раководи и ја организира работата на Државниот завод за ревизија;

4. обезбедува законито и ефикасно вршење на работите и задачите на Државниот завод за ревизија;

5. предлага финансиски план на Државниот завод за ревизија;

6. донесува Годишна програма за работа на Државниот завод за ревизија;

7. утврдува критериуми за обемот, субјектите и предметот на државната ревизија;

8. го пропишува начинот на вршење на државната ревизија;

9. ја пропишува формата и содржината на образецот на легитимацијата на овластените државни ревизори и на државните ревизори, како и начинот на издавање и одземање на истата;

10. донесува програма за полагање на испит за стекнување на звање овластен државен ревизор;

11. ја утврдува висината на трошоците за полагање на испитот за стекнување на звањето овластен државен ревизор и за издавање на уверение за овластен државен ревизор;

12. го пропишува начинот на полагање на испитот за стекнување на звањето овластен државен ревизор;

13. ја пропишува формата и содржината на уверението за овластен државен ревизор;

14. донесува акт за внатрешна организација на Државниот завод за ревизија и акт за систематизација на работните места во Државниот завод за ревизија;

15. донесува годишен план за вработување;

16. одлучува за правата и обврските на вработените во Државниот завод за ревизија согласно со закон;

17. донесува Годишен план за континуирано професионално усовршување;

18. донесува акт за начинот на водење на дисциплинска постапка за вработените во Државниот завод за ревизија;

19. го пропишува начинот и постапката на спроведување на воведна обука за вршење на ревизија;

20. донесува упатства во врска со системот на контрола на квалитет на ревизиите на Државниот завод за ревизија;

21. формира комисии и други работни тела во Државниот завод за ревизија;

22. комуницира со медиумите и ја информира јавноста за работата на Државниот завод за ревизија и резултатите од извршените ревизии;

23. изготвува Годишен извештај со кој го известува Собранието на Република Северна Македонија за работата на Државниот завод за ревизија;

24. донесува подзаконски акти за спроведување на овој закон и истите ги објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија”;

25. ги објавува меѓународните стандарди за ревизија во јавниот сектор на ИНТОСАИ и Кодексот на етика на ИНТОСАИ на веб- страницата на Државниот завод за ревизија;

26. донесува Кодекс на етика на државни ревизори и

27. врши и други работи утврдени со овој закон и други закони.

Член 13

(1) Главниот државен ревизор има заменик.

(2) Мандатот на заменикот-главен државен ревизор е девет години, без право на повторен избор.

(3) Заменикот-главен државен ревизор го избира и разрешува Собранието на Република Северна Македонија на начин и постапка за избор и разрешување на главниот државен ревизор согласно со овој закон.

(4) Заменикот-главен државен ревизор треба да ги исполнува условите од членот 10 од овој закон.

(5) На заменикот-главен државен ревизор, мандатот му престанува во случаите од членот 11 став (1) од овој закон.

(6) Заменикот-главен државен ревизор во соработка со главниот државен ревизор ги врши работите од надлежност на главниот државен ревизор кои главниот државен ревизор му ги доверил.

(7) Заменикот-главен државен ревизор го заменува главниот државен ревизор во случај на негово отсуство заради службено патување, годишен одмор или боледување за работи и работни задачи кои ќе му ги довери главниот државен ревизор, освен за работи и работни задачи коишто се во исклучива надлежност на главниот државен ревизор согласно со закон.

(8) Доколку замениот на главниот државен ревизор е од редот на вработените од Државниот завод за ревизија, по престанувањето на мандатот се распоредува на работно место од категоријата раководни работни места за кое ги исполнува општите и посебните услови предвидени со актот за систематизација на работните места, но не пониско од нивото на кое бил пред да биде избран на функцијата заменик-главен државен ревизор.

Член 14

(1) Државниот завод за ревизија има генерален секретар од редот на раководните вработени кои вршат работи во функција на поддршка за извршување на надлежностите на Државниот завод за ревизија.

(2) Главниот државен ревизор го назначува и разрешува генералниот секретар на Државниот завод за ревизија (во натамошниот текст: генерален секретар). На генералниот секретар му мирува работното место за време на траење на мандатот.

(3) По престанувањето на мандатот на главниот државен ревизор, генералниот секретар продолжува да ги извршува работите до назначувањето на нов генерален секретар. Мандатот на генералниот секретар може да престане и со негово разрешување.

(4) Генералниот секретар по завршувањето на мандатот или разрешувањето се распоредува на работно место на исто ниво со нивото на работно место на кое работел пред да биде назначен за генерален секретар.

(5) Генералниот секретар на Државниот завод за ревизија:

1) ја координира работата на организационите единици кои вршат работи во функција на поддршка во извршување на надлежностите на Државниот завод за ревизија;

2) ги раководи административните работи на Државниот завод за ревизија и

3) врши и други работи во согласност со дадените овластувања од страна на главниот државен ревизор.

(6) Генералниот секретар за својата работа одговара пред главниот државен ревизор.

III. СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Член 15

(1) Средствата за работа на Државен завод за ревизија се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија.

(2) Средствата за работата на Државниот завод за ревизија ги утврдува Собранието на Република Северна Македонија на предлог на Државниот завод за ревизија.

(3) Собранието на Република Северна Македонија посебно го гласа разделот наменет за Државниот завод за ревизија во Буџетот на Република Северна Македонија.

IV. ВРАБОТЕНИ ВО ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Член 16

(1) Вработените во Државниот завод за ревизија имаат статус на административни службеници или помошно-технички лица.

(2) Административните службеници од ставот (1) на овој член може да бидат:

- овластени државни ревизори, односно државни ревизори кои вршат државна ревизија или
- државни службеници кои вршат административни работи во функција на извршување на надлежностите на Државниот завод за ревизија определени со овој закон.

(3) За прашањата кои се однесуваат на работниот однос на вработените од ставот (2) алинеја 1 на овој член кои не се уредени со овој закон и со колективен договор се применуваат одредбите од Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор и општите прописи за работните односи.

(4) За прашањата кои се однесуваат на работниот однос на вработените од ставот (2) алинеја 2 на овој член се применуваат одредбите од Законот за административни службеници и Законот за вработените во јавниот сектор.

(5) Помошно-технички лица се вработените во Државниот завод за ревизија кои вршат работи на одржување, вршење на превоз, како и други помошни и технички работи и за нив се применуваат одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за работните односи.

Член 17

(1) Работните места во Државниот завод за ревизија се утврдени со акти за внатрешна организација и за систематизација на работните места.

(2) Пополнувањето на работните места се врши преку спроведување на постапка за:

- вработување,
- унапредување и
- мобилност преку распоредување или преземање.

Член 18

(1) Постапката на унапредување има за цел да им овозможи на вработените кариерно напредување во Државниот завод за ревизија, односно преминување од пониски, на повисоки работни места, на начин и во постапка уредени со овој закон и Колективниот договор на Државниот завод за ревизија.

(2) Унапредувањето се врши врз основа на интерен оглас и образец за пријава за унапредување, објавени на веб-страницата на Државниот завод за ревизија.

(3) Рокот за пријавување на огласот не може да биде пократок од пет, односно подолг од 10 дена од денот на неговото објавување.

(4) На интерниот оглас може да се јави секој вработен кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветно звање во актот за систематизација на работни места во Државниот завод за ревизија.

(5) Главниот државен ревизор формира Комисија за селекција на кандидати за унапредување, составена од три члена и нивни заменици од редот на вработените во Државниот завод за ревизија.

(6) Комисијата за селекција на кандидати за унапредување, ги разгледува и евалуира пријавите, спроведува интервју со кандидатите и до главниот државен ревизор во рок од пет дена од денот на спроведувањето на интервјуто доставува предлог за избор на најдобар кандидат, за секое од работните места за кое е објавен огласот.

(7) Главниот државен ревизор донесува одлука за избор на најдобар кандидат, за секое од работните места за кој е објавен огласот, во рок од три дена од денот на добивањето на предлогот за избор од ставот (6) на овој член.

Член 19

(1) За вработените кои вршат државна ревизија се утврдуваат следниве категории на работни места и се опишуваат следниве звања:

а) раководни работни места:

- ниво Б 1 советник на главниот државен ревизор,
- ниво Б 2 помошник на главниот државен ревизор,
- ниво Б 3 раководител за ревизија,
- ниво Б 4 помошник на раководителот за ревизија;

б) не раководни работни места:

- ниво В 1 самостоен ревизор,
- ниво В 2 виш ревизор,
- ниво В 3 ревизор и
- ниво В 4 помлад ревизор.

(2) Испитот за стекнување на звањето овластен државен ревизор е единствениот стручен испит кој претставува посебен услов за пополнување на работно место од категоријата Б.

Член 20

(1) Вработениот е должен да ги извршува работите на работното место на коешто е распореден, во согласност со позитивните законски прописи, општите акти за внатрешна организација и систематизација на работни места на Државниот завод за ревизија, Кодекс на етика на ИНТОСАИ и Кодексот на етика на државните ревизори.

(2) Вработениот е должен навремено, совесно и редовно да ги извршува работните задачи на работното место на коешто е распореден, во време и на место, коишто се определени за извршување на работата, почитувајќи ја организационата и деловната активност на Државниот завод за ревизија.

(3) Вработениот е должен да чува деловна тајна, односно со свои дејствија да не му нанесува штета на угледот на Државниот завод за ревизија.

(4) Вработениот е должен да се придржува до прописите од областа на безбедноста на работа.

(5) Вработениот е должен да се грижи за средствата кои му се ставени на располагање и да ги користи домаќински.

(6) Информациите со степен на класификација до кои имаат пристап вработените во Државниот завод за ревизија при вршење на државната ревизија, не смеат да ги разменуваат или споделуваат со неовластени лица.

(7) За непочитување на одредбите определени во ставот (6) на овој член, вработените одговараат дисциплински или со потежок вид на одговорност согласно со Законот за класифицирани информации (*).

(8) Главниот државен ревизор со посебно овластување може да додели на вработениот вршење на работни задачи надвор од делокругот на работни задачи, кои вработениот ги извршува на неговото работно место, а кои се содржани во актот за систематизацијата за работните места во Државниот завод за ревизија, во услови:

- кога треба да се замени привремено отсутен работник,
- кога е зголемен обемот на работа,
- во случај на елементарна непогода која се случила или непосредно се заканува,
- користење на стручната и работната способност на вработениот во Државниот завод за ревизија,
- завршување на итни и неодложни работи и
- за работи кои се од интерес за Државниот завод за ревизија.

Член 21

(1) Вработените овластени државни ревизори и државни ревизори во Државниот завод за ревизија, се оценуваат еднаш годишно, најдоцна до 30 јуни во тековната за претходната година.

(2) Оценувањето на вработените овластени државни ревизори и државни ревизори во Државниот завод за ревизија го врши непосредно претпоставениот државен ревизор.

(3) Годишната оценка на вработените овластени државни ревизори и државни ревизори во Државниот завод за ревизија може да биде:

1) „се истакнува“;
2) „задоволува“ и
3) „не задоволува“.

(4) Начинот врз основа на кој ќе се врши оценувањето го утврдува главниот државен ревизор, за што донесува посебен интерен акт.

(5) Оценувањето на административните службеници кои немаат статус на државни ревизори, односно овластени државни ревизори се врши на начин и во постапка согласно со Законот за административни службеници.

Член 22

(1) Вработениот е лично одговорен за вршењето на работите и работните задачи од работното место.

(2) За повреда на службената должност вработениот одговара дисциплински и материјално.

(3) За сите прашања во врска со дисциплинската и материјалната одговорност на вработените во Државниот завод за ревизија се применуваат одредбите од Законот за административни службеници и Колективниот договор за вработените во Државниот завод за ревизија.

Член 23

(1) Платата на главниот државен ревизор и заменикот се утврдува согласно со прописите од областа на платите на избрани и именувани лица.

(2) Платите на вработените овластени државни ревизори и државни ревизори се утврдуваат врз основа на коефициенти и тоа за:

- ниво Б1 коефициент 3,40,
- ниво Б2 коефициент 3,30,
- ниво Б3 коефициент 3,10,
- ниво Б4 коефициент 3,00,
- ниво В1 коефициент 2,90,
- ниво В2 коефициент 2,70,
- ниво В3 коефициент 2,50 и
- ниво В4 коефициент 2,00.

(3) Вредноста на основицата ја утврдува главниот државен ревизор во рамките на утврдениот буџет на Државниот завод за ревизија.

(4) Платата на административните службеници кои не вршат државна ревизија се утврдува согласно со Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за административни службеници.

Член 24

(1) Вработените овластени државни ревизори и државни ревизори во Државниот завод за ревизија имаат обврска за професионално усовршување со цел унапредување на знаењата и компетенциите, како и заради развој на своите вештини.

(2) Професионалното усовршување се спроведува врз основа на Годишен план за континуирано професионално усовршување на вработените лица во Државниот завод за ревизија донесен од главниот државен ревизор.

(3) Вработените кои за првпат засновале работен однос во Државниот завод за ревизија, задолжително поминуваат воведна обука за вршење на ревизија согласно со интерен акт на Државниот завод за ревизија.

(4) Средствата за професионално усовршување на вработените од ставот (1) на овој член се предвидуваат во буџетот на Државниот завод за ревизија.

(5) На овластениот државен ревизор или државен ревизор кој посетува постдипломски студии од областа на сметководство и ревизија, истрага и корупција и ИТ и на специјалистички студии и усовршување во државата и во странство, Државниот завод за ревизија му покрива дел од трошоците кои ќе се уредат со договор.

(6) Средствата за професионално усовршување на вработените од ставот (5) на овој член се предвидуваат во буџетот на Државниот завод за ревизија.

V. ПОСТАПКА ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ЗВАЊЕ ОВЛАСТЕН ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

Член 25

За стекнување на звањето овластен државен ревизор треба да се исполнуваат следниве услови:

1) да е државјанин на Република Северна Македонија;

2) да има стекнато најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен најмалку VII/1 степен на образование, од областа на економските, правните науки, информатичката технологија или друго соодветно образование за вршење на ревизија;

3) да има положен испит за стекнување на звање овластен државен ревизор или да има уверение за овластен државен ревизор и

4) да даде изјава дека во работењето ќе ги применува правилата утврдени со Кодексот на етика на ИНТОСАИ.

Член 26

Испит за стекнување на звање овластен државен ревизор (во натамошниот текст: стручниот испит) може да полага лице кое има најмалку пет години работно искуство на сметководствени и финансиски работи или три години работно искуство на работи на ревизија во Државниот завод за ревизија или во друштво за ревизија.

Член 27

(1) Стекнувањето со уверение на овластен државен ревизор се врши преку полагање на стручниот испит кој се состои од два дела и тоа:

1) прв дел (теоретски дел), со кој се проверува теоретското знаење на кандидатите и

2) втор дел (практичен дел), со кој се проверува способноста за примена на законите во практиката.

(2) Стручниот испит се полага според програма во која се содржани градивото, прописите и литературата за стручниот испит.

(3) Првиот дел од стручниот испит се полага по предметите:

1) методологија на ревизијата;

2) примена на меѓународни стандарди за финансиско известување;

3) основи на информациони системи и технологија;

4) Кодекс на етика на државните ревизори на ИНТОСАИ и

5) уставно уредување на Република Северна Македонија и регулатива (државна ревизија, организација на државна управа, административни службеници, исплата на плати, работни односи, јавни набавки, облигациони односи, даночен систем, сметководство за буџетските корисници и за јавни претпријатија и трговски друштва со доминантна или целосна сопственост на државата или на општините и Градот Скопје).

(4) Вториот дел на стручниот испит се состои од:

1) практичен пример и

2) прашања кои треба кандидатот да ги одговори врз основа на анализата на практичниот пример и/или

3) задачи кои треба кандидатот да ги реши врз основа на анализата на практичниот пример.

(5) Програмата за полагање на стручниот испит, начинот на полагање и спроведување на стручниот испит и начинот на бодирање на првиот и вториот дел од стручниот испит поблиску ги пропишува главниот државен ревизор.

(6) Подзаконските акти од ставот (5) на овој член се објавуваат на веб-страницата на Државниот завод за ревизија.

Член 28

(1) Стручниот испит се полага пред комисија.

(2) Комисијата ја формира главниот државен ревизор.

(3) Комисијата е составена од пет члена од кои двајца се овластени државни ревизори од редот на вработените во Државниот завод за ревизија и тројца се надворешни стручни лица кои поседуваат високи професионални квалификации и вештини и докажано искуство од областа на ревизијата, како и од областите утврдени во Програмата за полагање на стручниот испит од членот 27 став (5) од овој закон.

(4) На членовите на комисијата од ставот (3) на овој член им следува еднократен паричен надоместок за сработеното во спроведувањето на стручниот испит по завршување на целиот испитен циклус, кој изнесува до една просечна нето-плата по работник во Република Северна Македонија исплатена во месец декември во претходната година, за што главниот државен ревизор донесува решение.

Член 29

(1) На лицето кое ќе го положи стручниот испит од членот 27 од овој закон главниот државен ревизор му издава уверение за овластен државен ревизор, во рок од 15 дена од денот на завршување на стручниот испит.

(2) Надоместокот за полагање на испитот за овластен државен ревизор е на товар на лицето кое го полага испитот.

(3) Висината на надоместокот од ставот (2) на овој член ја определува главниот државен ревизор врз основа на реално направените трошоци за полагање на стручниот испит, неопходни за спроведување на првиот и вториот дел од стручниот испит, подготовката на базите на прашања, изготвување на материјали и покани и изготвување на уверенија.

(4) Надоместокот од ставот (2) на овој член се уплатува на сметката на Државниот завод за ревизија.

(5) Доколку надоместокот не се уплати на соодветна сметка на Државниот завод за ревизија најдоцна 15 дена пред денот определен за почеток на испитот, на лицето нема да му се дозволи полагање на стручниот испит.

(6) Доколку лицето во рок од една година од денот на уплатата на надоместокот не го полага стручниот испит, уплатените средства му се враќаат.

(7) Формата и содржината на уверението од ставот (1) на овој член ги пропишува главниот државен ревизор.

VI. ВРШЕЊЕ НА ДРЖАВНАТА РЕВИЗИЈА

Член 30

(1) Државниот завод за ревизија, ревизијата ја врши на начин и според процедурите утврдени со рамката на ревизорските стандарди на Меѓународната организација на врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) и Кодексот на етика на ИНТОСАИ кои главниот државен ревизор ги објавува на веб-страницата на Државниот завод за ревизија согласно со овој закон.

(2) Државниот завод за ревизија врши финансиска ревизија, ревизија на усогласеност и ревизија на успешност.

(3) Државниот завод за ревизија може да врши комбинирани ревизии кои вклучуваат аспекти од финансиската ревизија, ревизијата на успешност и/или ревизијата на усогласеност.

(4) Државниот завод за ревизија може да врши ревизија на информациските системи, ревизии во реално време или други ангажмани на теми од значење за одговорноста во управувањето и соодветното користење на јавните ресурси.

Член 31

(1) Државниот завод за ревизија пред почетокот на вршењето на ревизијата, може да бара од субјектот на ревизија да му ги достави сите документи, податоци и информации кои се потребни за планирањето или вршењето на ревизијата.

(2) Субјектот на ревизија е должен да ги обезбеди бараните информации од ставот (1) на овој член во рок од пет работни дена од денот на поднесувањето на барањето.

Член 32

(1) Ревизиите се вршат во службените простории и имотот на субјектот на ревизија и/или во просториите на Државниот завод за ревизија.

(2) Овластениот државен ревизор и државниот ревизор се должни државната ревизија да ја вршат согласно со членот 30 став (1) од овој закон.

(3) Овластениот државен ревизор е стручно лице вработено во Државниот завод за ревизија кое поседува уверение за овластен државен ревизор и ги исполнува условите пропишани со овој закон.

(4) Овластениот државен ревизор и државниот ревизор ја вршат ревизијата тимски, во екипи составени од државни ревизори.

(5) Државниот ревизор е стручно лице вработено во Државниот завод за ревизија кое непосредно ги извршува задачите наведени во членот 30 од овој закон и извршува работи на ревизија под надзор на овластен државен ревизор.

(6) Овластениот државен ревизор и државниот ревизор имаат службена легитимација со која се докажува нивното службено својство и при вршење на ревизијата се должни да ја покажат.

(7) Овластениот државен ревизор и државниот ревизор не смеат да бидат членови во органи на политичка партија, членови на управен одбор, надзорен одбор или кој било друг орган кај субјект предмет на ревизија.

Член 33

Овластениот државен ревизор и државниот ревизор не смеат да вршат ревизија доколку:

1) претходно биле во работен однос или биле законски застапници на субјектот на ревизијата најмалку пет години пред вршењето на ревизијата;

2) учествувале во водењето на деловните книги или ја изработиле годишната пресметка и финансиските извештаи на субјектот на ревизија најмалку пет години пред извршување на ревизијата;

3) се брачни другари или се во вонбрачна заедница, крвни сродници во права линија до трет степен на сродство со сопственикот или законскиот застапник на субјектот на ревизијата и

4) се основачи, акционери или содружници во субјектот на ревизијата.

Член 34

Заради вршење на ревизијата кај субјектот на ревизија и за исполнување на целите на ревизијата, овластениот државен ревизор и државниот ревизор имаат право:

1) на слободен пристап во службените простории и имотот на субјектот на ревизија;

2) на увид во деловните книги, односно трговските книги, обрасците и другата документација, електронските податоци и информациските системи на субјектот на ревизија;

3) да бараат и да добијат усни и писмени објаснувања за сите факти и прашања кои се од значење за вршење на ревизијата од одговорните лица и вработените на субјектот на ревизија во периодот на кој се однесува ревизијата и

4) да бараат и да добијат информации, податоци и документи од други физички и правни лица кои се неопходни за ревизијата.

Член 35

(1) Законскиот застапник на субјектот на ревизија е должен на овластениот државен ревизор и државниот ревизор да им ги стави на располагање документацијата, извештаите, евиденциите и други информации потребни за спроведување на ревизијата во форма која ќе му ја побараат, да им обезбеди просторија за непречено вршење на ревизијата и да

овласти лице кое на барање на овластениот државен ревизор и државниот ревизор ќе ги дава сите информации релевантни за ревизијата и исполнување на целите на ревизијата.

(2) Субјектот на ревизија не смее да го ограничи обемот на испитувањата или да оневозможи примена на одредени ревизорски постапки.

(3) Во случај субјектот на ревизија да постапи спротивно на ставот (2) на овој член, Државниот завод за ревизија е должен:

1) на соодветен начин тоа да го истакне во ревизорскиот извештај, во согласност со стандардите на ревизијата и

2) да го извести надлежниот орган кој е надлежен да врши надзор над работењето на субјектот на ревизија.

Член 36

(1) Документите кои имаат ознака на класифицирана информација, законскиот застапник на субјектот на ревизија е должен на овластениот државен ревизор, односно на државниот ревизор да ги стави на располагање на начин утврден со закон.

(2) Овластениот државен ревизор и државниот ревизор се должни со класифицираните информации да постапуваат во согласност со одредбите од Законот за класифицирани информации (*).

(3) Овластениот државен ревизор и државниот ревизор не смеат да ги користат сознанијата до кои дошле при вршењето на државната ревизија за стекнување на имотна или друга корист за себе или друг субјект.

(4) За податоците и сознанијата до кои доаѓа овластениот државен ревизор и државниот ревизор при вршењето на државната ревизија, а кои претставуваат класифицирани информации, овластениот државен ревизор изготвува посебен ревизорски извештај согласно со Законот за класифицирани информации (*).

Член 37

(1) Државниот завод за ревизија при вршење на ревизијата, по потреба, во зависност од сложеноста на предметот може да ангажира надворешни стручни лица во ревизорската постапка да вршат одредени задачи кои се во надлежност на Државниот завод за ревизија.

(2) Надворешното стручно лице од ставот (1) на овој член е физичко или правно лице кое поседува стручни квалификации, специјални вештини, знаење и искуство во одредена област предмет на ревизијата.

(3) Овластениот државен ревизор треба да прибави соодветни ревизорски докази дека ангажманот на надворешните стручни лица е адекватен за целите на ревизијата.

(4) Доколку мислењето на надворешните стручни лица не е поткрепено со доволни и соодветни ревизорски докази или не е конзистентно со другите ревизорски докази, овластениот државен ревизор може да ангажира други надворешни стручни лица или да не го прифати мислењето на надворешното стручно лице.

(5) Одредбите од членот 36 од овој закон се однесуваат и за надворешните стручни лица кои се ангажирани од Државниот завод за ревизија.

Член 38

(1) Државниот завод за ревизија е должен како доверливи да ги чува сите документи, податоци и информации кои се стекнати или создадени согласно со овој закон и кои претставуваат информација од интерес за Република Северна Македонија, класифицирана информација, деловна тајна или индустриска тајна согласно со закон, како и да ги заштити личните податоци согласно со прописите за заштита на личните податоци.

(2) Државниот завод за ревизија, вклучувајќи ги главниот државен ревизор, заменикот-главен државен ревизор, вработените или други лица на кои им се достапни обезбедените податоци согласно со овој закон, се должни да ги користат единствено за целите и овластувањата утврдени со овој закон.

(3) Лицата од ставот (2) на овој член не смеат да им ги соопштуваат на трети лица или да им овозможат на трети лица да ги користат податоците, освен во случаите кога тоа е потребно за спроведување на овој закон или во други случаи утврдени со закон.

(4) Обврските утврдени во ставовите (2) и (3) на овој член продолжуваат две години по престанокот на работниот однос, односно по престанокот на основот врз основа на кои е остварен пристапот до податоците од ставовите (2) и (3) на овој член.

VII. ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА КОНЕЧЕН РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАЈ

Член 39

(1) Овластениот државен ревизор изготвува нацрт-ревизорски извештај во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија на ИНТОСАИ и другите акти за вршење на ревизијата на Државниот завод за ревизија.

(2) Нацрт-ревизорскиот извештај се доставува за забелешки до законскиот застапник на субјектот на ревизија, како и до лицето кое било законски застапник на субјектот на ревизија во текот на периодот за кој се однесува ревизијата.

(3) Лицата од ставот (2) на овој член можат да поднесат забелешки на нацрт-ревизорскиот извештај до Државниот завод за ревизија во рок од 15 дена од денот на приемот на извештајот.

(4) По истекот на рокот од ставот (3) на овој член, овластениот државен ревизор кој учествувал во ревизијата изготвува конечен ревизорски извештај.

(5) Извештаите од ставовите (1) и (4) на овој член задолжително треба да бидат потпишани од најмалку еден овластен државен ревизор и двајца овластени државни ревизори или државни ревизори кои учествувале во ревизорскиот тим.

Член 40

(1) Главниот државен ревизор е должен:

1) да го достави конечниот ревизорски извештај до:

а) законскиот застапник на субјектот на ревизија и до лицето кое било законски застапник на субјектот на ревизија во периодот за кој се однесува ревизијата;

б) органот кој согласно со закон е надлежен да спроведува надзор и/или контрола над работењето на соодветниот субјект на ревизија заради информирање или преземање на соодветни активности во согласност со законските надлежности на органот за надзор и контрола и

2) да го објави на веб-страницата на Државниот завод за ревизија конечниот ревизорски извештај и примените забелешки и одговори на забелешките согласно со членот 39 од овој закон.

(2) Главниот државен ревизор може да го достави конечниот ревизорски извештај и до други органи кои се засегнати со ревизијата, за информации или за преземање конкретни активности.

Член 41

(1) Законскиот застапник на субјектот на ревизија е должен да достави план за спроведување на препораките дадени во ревизорскиот извештај до Државниот завод за

ревизија и до органот надлежен за надзор и контрола на работењето на субјектот на ревизија, во рок од 30 дена од денот на приемот на конечниот ревизорски извештај.

(2) Планот за спроведување на препораките од ставот (1) на овој член ги содржи планираните активности за отстранување на неправилностите и планираното време за нивно спроведување, но не подолго од 12 месеци од денот на приемот на конечниот ревизорски извештај.

(3) По исклучок на ставот (2) на овој член, во планот за спроведување на препораките дадени во конечниот ревизорски извештај од спроведената ревизија на успешност рокот за спроведување на препораките може да биде и подолг од 12 месеци од денот на приемот на конечниот ревизорски извештај, доколку за тоа се даде соодветно и аргументирано објаснување.

(4) Доколку Државниот завод за ревизија процени дека активностите и роковите за спроведување на дадените препораки во планот од ставот (1) на овој член не се соодветни на препораките, може да даде забелешки на доставениот план, во рок од 15 дена од денот на приемот на планот.

(5) Субјектот на ревизија е должен да го усогласи планот за спроведување на препораките со дадените забелешки од ставот (4) на овој член и да го достави до Државниот завод за ревизија, во рок од 15 дена од денот на приемот на забелешките.

(6) Субјектот на ревизија е должен да ги спроведе препораките дадени во конечниот извештај за ревизија во роковите и на начинот наведен во планот за спроведување на дадените препораки.

Член 42

(1) Субјектот на ревизија е должен писмено да го извести Државниот завод за ревизија за спроведување на препораките во рок од 30 дена од истекот на рокот утврден во планот за спроведување на препораките.

(2) Државниот завод за ревизија го проверува спроведувањето на препораките до степенот предвиден со Годишната програма и планот за работа на Државниот завод за ревизија и составува извештај за степенот на спроведувањето на препораките.

(3) Извештајот од ставот (2) на овој член се доставува до законскиот застапник на субјектот што е предмет на ревизија и до органот кој согласно со закон е надлежен да врши контрола и/или надзор над работењето на соодветниот субјект на ревизија.

(4) Државниот завод за ревизија изготвува збирен извештај за степенот на спроведување на препораките за претходната календарска година.

VIII. ИЗВЕШТАИ

Член 43

(1) Државниот завод за ревизија еднаш годишно изготвува годишен извештај за својата работа.

(2) Државниот завод за ревизија до Собранието на Република Северна Македонија го доставува на разгледување извештајот од ставот (1) од овој член најдоцна до 30 јуни во тековната година за претходната година.

(3) Годишниот извештај од ставот (1) на овој член се разгледува на седница на работни тела и на пленарна седница на Собранието на Република Северна Македонија и по истиот се усвојуваат заклучоци.

(4) На седниците од ставот (3) на овој член присуствува главниот државен ревизор.

(5) Државниот завод за ревизија го објавува извештајот од ставот (1) на овој член на својата веб-страница.

Член 44

(1) Државниот завод за ревизија изготвува збирен извештај за спроведените ревизии кај правни субјекти од иста дејност, или област предмет на ревизија, доколку се процени дека збирниот извештај ќе обезбеди дополнително и целосно презентирање на клучните утврдени состојби и препораки во областа предмет на ревизија.

(2) Збирниот извештај од ставот (1) на овој член се составува откако ќе бидат завршени ревизиите кај поединечните правни субјекти и издадени конечните ревизорски извештаи.

(3) Збирниот извештај за спроведените ревизии кај правните субјекти од иста или слична дејност од ставот (1) на овој член се доставува до Собранието на Република Северна Македонија. По извештајот може да се расправа на седници на работните тела и на седница на Собранието на Република Северна Македонија.

Член 45

(1) Главниот државен ревизор до Собранието на Република Северна Македонија ги доставува:

1) конечните ревизорски извештаи согласно со Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија и

2) збирниот извештај за степенот на спроведување на препораките од членот 42 став (4) од овој закон.

(2) По извештаите од ставот (1) на овој член може да се расправа на седници на работните тела и на седница на Собранието на Република Северна Македонија.

(3) Главниот државен ревизор присуствува на седниците од ставот (2) на овој член.

IX. СОРАБОТКА

Член 46

(1) Доколку со извршената ревизија се утврдени незаконитости за кои е надлежен да постапува друг надлежен орган согласно со закон, конечниот ревизорски извештај се доставува до надлежен орган за понатамошно постапување согласно со закон. По барање на надлежниот орган, Државниот завод за ревизија ја доставува и работната ревизорска документација.

(2) Надлежниот орган во рок од два месеца од денот на приемот на извештајот и документацијата од ставот (1) на овој член, го известува главниот државен ревизор за преземените мерки по доставениот ревизорски извештај.

(3) Државниот завод за ревизија известувањата од ставот (2) на овој член ги објавува на својата веб-страница.

(4) Доколку врз основа на расположливите податоци од извршената ревизија постои сомневање за сторено кривично дело, конечниот ревизорски извештај и доколку е потребно и работната ревизорска документација, се доставуваат до надлежен јавен обвинител.

(5) Надлежниот јавен обвинител го известува Државниот завод за ревизија за преземените дејствија во врска со доставените ревизорски извештаи и работната ревизорска документација од ставот (4) на овој член.

Член 47

(1) На барање на Државниот завод за ревизија институциите од јавниот сектор кои водат административни евиденции, регистри и бази на податоци и давателите на платежни услуги се должни податоците за субјектите на ревизија да ги достават без надоместок, во определен рок, форма и начин кој ќе биде определен од страна на Државниот завод за ревизија.

(2) Документацијата и информациите кои се стекнати од субјектот на ревизија и од други извори се користат само за потребите на вршење на ревизијата.

(3) По исклучок на ставот (2) на овој член, документацијата и информациите кои се користат за вршење на ревизијата, Државниот завод за ревизија ќе ги достави до надлежниот орган за потребите на водење на прекршочна постапка или кривична постапка.

Член 48

(1) Државниот завод за ревизија соработува со:

1) институциите од јавниот сектор и

2) професионални организации и непрофитни организации од областа на државната ревизија и институции од образованието и науката.

(2) Соработката од ставот (1) на овој член се одвива на начин кој не ја загрозува независноста и самостојноста на Државниот завод за ревизија.

(3) Државниот завод за ревизија соработува со врховните ревизорски институции од други држави, во областа на државната ревизија и ја претставува Република Северна Македонија во меѓународните организации на врховни ревизорски институции.

(4) Државниот завод за ревизија соработува и со други меѓународни организации кои се од интерес на развојот на државната ревизија.

X. РЕВИЗИЈА НА РАБОТЕЊЕТО НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Член 49

(1) Ревизија на финансиските извештаи на Државниот завод за ревизија врши друштво за ревизија кое има лиценца за работа и е регистрирано во Регистарот на друштва за ревизија согласно со Законот за ревизија.

(2) Изборот на друштвото за ревизија го врши Собранието на Република Северна Македонија врз основа на спроведена постапка согласно со Законот за јавните набавки (*).

(3) При вршењето на ревизијата, Државниот завод за ревизија е должен на друштвото за ревизија заради непречено вршење на ревизијата да му обезбеди: пристап и користење на службените простории и имотот без присуство на други лица во текот на работното време, увид во деловните книги, обрасците и другата документација, електронските податоци и информациските системи, сите информации и објаснувања од значење за вршењето на ревизијата од претставниците на Државниот завод за ревизија.

(4) Друштвото за ревизија го доставува ревизорскиот извештај до Собранието на Република Северна Македонија и до Државниот завод за ревизија најдоцна до 30 мај во тековната година.

(5) Ревизорскиот извештај е составен дел на Годишниот извештај за работа на Државниот завод за ревизија од членот 43 од овој закон.

(6) Надоместокот за извршената ревизија паѓа на товар на Собранието на Република Северна Македонија.

XI. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 50

(1) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност за субјект на ревизија микротрговец, од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност за субјект на ревизија мал трговец, од 1.500 до 2.500 евра во денарска противвредност за субјект на ревизија среден трговец и од 2.500 до 3.500 евра во денарска противвредност за субјект на ревизија голем трговец ќе му се изрече за прекршок на правно лице, ако:

1) не ја стави на располагање на овластениот државен ревизор, односно државниот ревизор потребната документација, исправи, извештаи и други информации заради вршење на државната ревизија согласно со членот 35 став (1) од овој закон;

2) субјектот на ревизија на ревизорот му го ограничи обемот на испитувањата согласно со членот 35 став (2) од овој закон или ќе му оневозможи примена на одредени ревизорски постапки;

3) ако субјектот на ревизија во пропишаниот рок не го достави планот за спроведување на дадените препораки во ревизорските извештаи согласно со членот 41 став (1) од овој закон;

4) субјектот на ревизија не ги спроведе препораките дадени во конечниот ревизорски извештај согласно со членот 41 став (6) од овој закон и

5) субјектот на ревизија не ја исполни обврската за доставување на финансиски извештај до Државниот завод за ревизија согласно со закон.

(2) Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршоците од ставот (1) на овој член.

Член 51

Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на главниот државен ревизор, ако:

1) не донесе Годишен план за континуирано професионално усовршување согласно со членот 24 став (2) од овој закон;

2) не го донесе решението во рокот утврден во членот 28 став (4) од овој закон;

3) не го издаде уверението во рокот утврден во членот 29 став (1) од овој закон;

4) не ги објави стандардите согласно со членот 30 став (1) од овој закон;

5) не го достави извештајот согласно со членот 43 став (2) од овој закон и

6) не ги достави извештаите согласно со членот 45 став (1) од овој закон.

Член 52

Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластен државен ревизор, односно на државен ревизор, ако:

1) државната ревизија ја врши во спротивност на членот 30 став (1) од овој закон;

2) постапува спротивно на членот 32 став (7) од овој закон и

3) постапува спротивно на членот 33 од овој закон.

Член 53

За прекршоците утврдени со овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

Член 54

Одмерувањето на висината на глобата се врши согласно со Законот за прекршоците.

XII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 55

(1) Главниот државен ревизор кој е избран согласно со Законот за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија” број 66/10, 145/10, 12/14, 43/14, 154/15, 192/15, 27/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 122/21 и 3/25) до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе продолжи да ја извршува функцијата главен државен ревизор до истекот на мандатот за кој е избран, согласно со одредбите од овој закон и за него нема да се применува одредбата од членот 11 став (1) точка 5) од овој закон.

(2) Заменикот на главниот државен ревизор кој е избран согласно со Законот за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија” број 66/10, 145/10, 12/14, 43/14, 154/15, 192/15, 27/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 122/21 и 3/25) до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе продолжи да ја извршува функцијата заменик-главен државен ревизор до истекот на мандатот за кој е избран, согласно со одредбите од овој закон.

Член 56

(1) Главниот државен ревизор во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе ги донесе подзаконските акти предвидени со овој закон.

(2) До донесувањето на подзаконските акти од ставот (1) на овој член се применуваат подзаконските акти донесени согласно со Законот за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија” број 66/10, 145/10, 12/14, 43/14, 154/15, 192/15, 27/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 122/21 и 3/25).

Член 57

Започнатите постапки во однос на вршењето на државната ревизија, во однос на вработените во Државниот завод за ревизија, во однос на полагањето на стручниот испит за стекнување на звање овластен државен ревизор и во однос на започнатите прекршочни постапки до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат согласно со Законот за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија” број 66/10, 145/10, 12/14, 43/14, 154/15, 192/15, 27/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 122/21 и 3/25).

Член 58

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија” број 66/10, 145/10, 12/14, 43/14, 154/15, 192/15, 27/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 122/21 и 3/25).

Член 59

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.